# РАЗВИВАЊЕ И ТЕСТИРАЊЕ НА НАСТАВНА ПРОГРАМА ЗА МЕДИУМСКА ПИСМЕНОСТ

ООУ „ПЕТАР ПОП АРСОВ“, СКОПЈЕ

ООУ „ДИМИТАР МИЛАДИНОВ“, СКОПЈЕ

ООУ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“, ПРИЛЕП

ООУ „МАРКО ЦЕПЕНКОВ“, ЗЕЛЕНИКОВО

ООУ „ХРИСТИЈАН ТОДОРОВСКИ КАРПОШ“, РАНКОВЦЕ

# ПРЕГЛЕД НА ПРОЕКТОТ

## ЦЕЛ НА ПРОЕКТОТ

ДА ГИ ПОДОБРИ МЕДИУМСКИТЕ ВЕШТИНИ КАЈ УЧЕНИЦИТЕ ОД ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА. СО ФОКУС НА КРИТИЧКО РАЗМИСЛУВАЊЕ И АНАЛИЗА НА МЕДИУМСКИТЕ СОДРЖИНИ, ПРОЕКТОТ ИМА ЗА ЦЕЛ ДА СОЗДАДЕ ИНФОРМИРАНИ И ОДГОВОРНИ ДИГИТАЛНИ ГРАЃАНИ. УЧЕНИЦИТЕ ЌЕ СЕ ОСПОСОБАТ ДА ПРЕПОЗНАВААТ МЕДИУМСКИ МАНИПУЛАЦИИ И ДА ДОНЕСУВААТ КРИТИЧКИ ОДЛУКИ ВО ДИГИТАЛНИОТ СВЕТ.

## ИСХОДИ

НАСТАВНАТА ПРОГРАМА, КОЈА БЕШЕ РАЗВИЕНА И ТЕСТИРАНА ВО РАМКИТЕ НА ПРОЕКТОТ, Е ПОДНЕСЕНА ДО БИРОТО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО (БРО) ЗА ОДОБРУВАЊЕ КАКО ИЗБОРЕН ПРЕДМЕТ, СО ПОТЕНЦИЈАЛ ЗА ПОШИРОКА ПРИМЕНА ВО НАЦИОНАЛНИОТ ОБРАЗОВЕН СИСТЕМ.

# ИЗРАБОТКА НА ПРОГРАМА ЗА СЛОБОДЕН ИЗБОРЕН УЧИЛИШЕН ПРЕДМЕТ

**Почетна координација и планирање:** Проектот започна со заеднички состанок на сите членови на проектниот тим, со цел да се дефинираат критериумите за избор на ученици и наставници, како и да се утврдат улогите и одговорностите на сите учесници. Овој состанок беше клучен за создавање на јасна и ефективна организација на проектот. Дополнително, беше договорено создавање на проектна веб-страница www.nasmedium.edu.mk, која ќе служи како централен извор за ресурси и комуникација. Првичната рамка за програмата беше изработена и усогласена, а во наредните состаноци беше финализирана за да се осигура усогласеност на сите засегнати страни со целите на проектот.



# ФОРМИРАЊЕ НА КЛУБОВИ ЗА МЕДИУМСКА ПИСМЕНОСТ



Во почетокот на второто полугодие, во секое училиште учесник беа формирани клубови за медиумска писменост. Овие клубови обезбедија соработка меѓу учениците и им овозможија да се вклучат во практични активности за медиумска писменост. Состанокот во Велес во месец март беше важен за оценување на работата на клубовите и за правење мали прилагодувања на програмата. Овој состанок исто така овозможи детално да се планира обуката за избраните наставници, осигурувајќи дека тие се подготвени за нивните улоги во проектот.

# ОБУКА НА НАСТАВНИЦИ И РАБОТИЛНИЦИ



Дводневната обука во Гевгелија беше клучна за успешната имплементација на проектот, каде беа вклучени дополнително уште 5 наставници од училиштата кои се носители на проектот и беа запознаени со активностите од TechCamp-от во Охрид и добија детален преглед на проектот и нивните улоги во него.



На обуката се нагласи важноста на активното учество, а наставниците од набљудувачи преминаа во активни фасилитатори, водејќи ги учениците низ различни активности. Ваквиот пристап значи дека наставниците не само што пренесуваат знаење, туку и активно се вклучуваат во процесот на учење, што резултира со поинтерактивно и длабинско учење за учениците.





# КЛУБ ЗА МЕДИУМСКА ПИСМЕНОСТ

ИЗРАБОТЕНА ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА КЛУБОТ

РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ ОД ГОДИШНАТА ПРОГРАМА

















# КЛУБ ЗА МЕДИУМСКА ПИСМЕНОСТ

Реализирани активности од годишната програма















# НАШ МЕДИУМ

ИЗРАБОТКА НА ВЕБ ПОРТАЛ www.nasmedium.edu.mk






Разбирање на рекламирањето и влијанието на медиумите



Запознавање со концептите на медиумска писменост



Разбирање на медиумската пристрасност Media Bias и News Literacy



# АКТИВНОСТИ ЗА УЧЕНИЦИТЕ И ПОСЕТИ НА ИНСТИТУЦИИ

Тимот од ООУ Петар Поп Арсов, Карпош, реализира посета со учениците на Градоначалникот на Општина Карпош, г.Стевче Јакимовски. Посетата на градоначалникот Јакимовски претставуваше вредна можност за учениците да се запознаат со работата на локалната власт и улогата на медиумите во информирањето на јавноста. Ова посета го поттикна интересот на учениците за значењето на медиумската писменост и важноста на критичкото размислување при консумирање на медиумски содржини.






# ПОСЕТА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ НАУКИ И КОМПЈУТЕРСКО ИНЖЕНЕРСТВО - ФИНКИ

Во рамки на проектот „Развивање и тестирање на наставна програма за медиумска писменост“, учениците од петте училишта имаа посета на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство.



Целта на посетата беше запознавање со начинот на креирање едукативни игри со фокус на медиумската писменост.



Воведното обраќање го имаше продеканот за наука и соработка, д-р Петре Ламески.

Професорот д-р Владимир Трајковиќ преку презентација претстави некои од платформите за развој на игри како Unity, Scratch, Game Maker и други.



Тимот за создавање игри T H E S H E P H E R D O F F I C I A L . I T C H . I O го покажаа процесот на создавање игри кој се состои од создавање концепт, основен дизајн, имплементација, тестирање и објавување.

Пред учениците беше претставен и моќниот суперкомпјутер со 1008 јадра, поставен во лабораторија за пресметување со високи перформанси. Системот се користи за истражување во пресметковната хемија, физика, сеизмологија, метеорологија, геологија, биомедицина како и во производната индустрија










# ГОСТИН НОВИНАР

Новинарот Драган Павловиќ Латас, на гости пред членовите на клубот за медиумска писменост од ООУ “Марко Цепенков“, Зелениково и online до сите учесници во проектот.



Наставниците и учениците имаа прилика да го слушнат мислењето на г-нот Латас за медиумската писменост и нејзината потреба во образованието, заеднички дојдовме до дефинирањето на термините “слобода на говор“, “цензура“, “пристрасност и објективност во новинарското известување“.



# ПРЕДАВАЊЕ НА ТЕМА „ВЕШТАЧКА ИНТЕЛИГЕНЦИЈА“

На 27 мај 2024 година, Марија Станкова, предавач по вештачка интелигенција на Американ Колеџ, организираше предавање на тема „Вештачка интелигенција“.

Ова предавање им даде на учениците увид во развојното поле на вештачката интелигенција и нејзините импликации врз медиумите и општеството. Учениците научија за улогата на вештачката интелигенција во обликувањето на медиумските содржини и важноста на етичките размислувања во развојот на вештачката интелигенција.









# ПОТКАСТ НА ТЕМА „РАЗБИРАЊЕ НА МИСИНФОРМАЦИИ, МАЛИНФОРМАЦИИ И ДЕЗИНФОРМАЦИИ“








Учениците од ООУ„Петар Поп Арсов“ - Скопје

# ДИЗАЈНИРАЊЕ ПОСТЕРИ – ИСКАЖУВАЊЕ ЕМПАТИЈА ВО БОРБАТА ПРОТИВ САЈБЕР НАСИЛСТВОТО













ООУ„Петар Поп Арсов“ - Скопје

# ОБЈАВИ НА СОЦИЈАЛНИТЕ МРЕЖИ – СТОП ЗА САЈБЕР НАСИЛСТВОТО













ООУ„Петар Поп Арсов“ - Скопје

# ГЛУМЕЊЕ СИТУАЦИИ – САЈБЕР НАСИЛСТВО И ПОРАКИ КАКО ДА СЕ ЗАШТИТИМЕ ОД НАСИЛСТВОТО ПРЕКУ ИНТЕРНЕТ








ООУ„Петар Поп Арсов“ - Скопје

# ЗАВРШНИ АКТИВНОСТИ И ИЗЛОЖБА

На 14 јуни 2024 година, во Струга се одржа заедничка завршна активност на која учествуваа ученици и наставници од сите пет училишта. На настанот беше обезбедена платформа каде учениците ги претставија своите уметнички дела. Настанот започна со посета на Американското катче (American Corner), каде што беше поставена изложба на цртежи на учениците на тема „Медиумска писменост“. Оваа изложба беше доказ за разбирањето и креативноста на учениците во изразувањето на концептите за медиумска писменост преку уметност.








Благодарение на водството на г-ѓа Дијана Маркоска и г-ѓа Ардита Емуш, учениците се запознаа со активностите на Американското катче а наставниците ги презентираа реализираните активности во рамките на проектот. Беа дискутирани идните планови за проширување на влијанието на проектот во други училишта низ земјата, истакнувајќи го потенцијалот на проектот за одржливост и прошefреност.

Настанот вклучуваше  забавен и едукативен квиз на тема медиумска писменост, каде учениците ги покажаа своите знаења на ангажирачки и интерактивен начин. На крајот од настанот, учениците добија сертификати за успешно учество во активностите на клубот, како признание за нивната посветеност и напорна работа.



https://www.facebook.com/share/p/7JX9oj2Chyxx39s1/

# НАСТАВНА ПРОГРАМА ЗА МЕДИУМСКА ПИСМЕНОСТ

- **Тема 1: Основни концепти на медиумска писменост; Дигитален граѓанин**
- **Тема 2: Разбирање на медиумската пристрасност**
- **Тема 3: Разбирање на рекламирањето и влијанието на медиумите**
- **Тема 4: Испитување на стереотипите во медиумите**
- **Тема 5: Медиумска писменост и политика**
- **Тема 6:  Медиумска писменост и онлајн безбедност**
- **Тема 7: Медиумска писменост и дигитален активизам**

**ОД МОЈ АГОЛ (Аида):**
**Теми/подрачја во наставната програма:**
- **Тема 1: Основни концепти на медиумска писменост; Дигитален граѓанин.**




**ПРИМЕР: Анализирање медиумски содржини користејќи критичко размислување: Ајнштајн како мал бил слаб по математика.**
**Медиумската писменост е со цел учениците да научат и вежбаат критичко размислување, да умеат да согледаат кои се клучните идеи на пораките од написите и да се во можност сами да одлучат за информациите брз основа на стекнатото знаење.**

**Примери на вести: Октомври започна со доделувањето на Нобеловите награди за медицина, хемија, физика, литература, мир и економија, по тој повод Комитетот од Шведска, ја објави оваа занимливост: Спротивно на широко распространетиот мит, Алберт Ајнштајн бил добар по математика во средно училиште.**

## Тема 2: Разбирање на медиумската пристрасност.



**ПРИМЕР: Објективни и субјективни извори на информации. - Истражување и анализа на различни извори на информации. (Карикатурата на Деспина е меѓу најдобрите во регионот; Атлетичар на возраст од 15 години стасал последен во трка на 200 метри)**

Всушност се работи за **когнитивната (осознаена) пристрасност или когнитивната предрасуда** која претставува систематско отстапување од норма / критериум или рационалност во проценката, при што заклучоци за други луѓе и ситуации може да се извлечат на нелогичен начин.

Често создаваме сопствената **"субјективна општествена реалност"** од нашата перцепција на добиените податоци. Формираме **лична** слика за реалноста, **а не објективната реалност**, што може да не доведе до донесување на неточен заклучок и нелогично толкување.

## Тема 3: Разбирање на рекламирањето и влијанието на медиумите

**ПРИМЕР:**

**„Медиумите ги пишуваат вестите само за да имаат каде да ги закачат рекламите.“**

**Рекламирањето, е чин на промовирање производ или услуга на потенцијалните клиенти. Тоа е витална гранка на маркетингот, дизајнирана да ги информира, убеди и потсетува потрошувачите за понудите на бизнисот. Ова може да се направи преку различни канали како што се печатени медиуми, телевизија, радио, онлајн платформи и многу повеќе.**

Тема 4: Испитување на стереотипите во медиумите;

**ПРИМЕР:**

Стереотипот може да биде позитивен или негативен, но речиси секогаш, кога ќе се примени на ниво на единка, е невистинит.

"Стереотипот е контејнерот во кој ги фрламе сите припадници на одредена група без оглед на нивните реални поединечни својства."

Стереотипизацијата претставува процес во кој категоризираните припадници на групата добиваат групни социјални или психолошки својства и со тоа се избегнува напорот да се размислува за конкретни единки.

# Тема 5: Медиумска писменост и политика

**ПРИМЕР:** **Посета на кабинетот** **(службениците) на претседателот на државата.**




[https://nasmedium.blogspot.com/2024/07/22.html](https://nasmedium.blogspot.com/2024/07/22.html)

# Тема 6: Медиумска писменост и онлајн безбедност

# ПРИМЕР:

| М е д и у м с к а   п и с м е н о с т | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Име на проектот: (м е д и у м с к а п и с м е н о с т 2 0 2 4 )<br>Р а з в и в а њ е и т е с т и р а њ е н а с т а в н а п р о г р а м а з а м е д и у м с к а п и с м е н о с т | | | | Предмет/тема:<br>С А Ј Б Е Р Н А С И Л С Т В О |
| **Датум** | **Активност 5** | **Цели на активноста** | **потребно време** | **Белешки/научена лекција/опис** |
| 13 март | ПРАВИЛА НА УБАВО И ПРИСТОЈНО ОДНЕСУВАЊЕ НА ИНТЕРНЕТ (СОЦИЈАЛНИТЕ МРЕЖИ)<br>Наведување и објаснување на правила за убаво и пристојно однесување при секоја комуникација, а потоа издвојување на оние што би сакале да се почитуваат и на Интернет. | - Да се анализира Интернет бонтон, да создадеме правила за убаво и пристојно однесување при комуникацијата. | 1 час | **Убаво однесување на интернет**. ОПИС:<br>- На секоја клупа разделете по неколку листови А4 формат.<br>- Побарајте од учениците да работат во парови и секој пар да напише по 10 правила за добро однесување на интернет.<br>- Потоа покажете им ја листата на правила што сте ја подготвие и побарајте од учениците да ги споредат со нивните правила.<br>- Секој пар да ги подвлече правилата кои се разликуваат од вашите и да ги прокоментираат, сите да се уверите дека најчесто се совпаѓаат со другите, а само се поинаку искажани.<br>- Здружете по 2-3 клупи и направете групи. Во групите рангирајте ги правилата според важност.<br>- Потоа секоја група да ги прочита првите 3 најважни правила и да аргументира зошто ги избрала.<br>- Потоа на ниво на одделение запишете ги правилата на еден хамер и закачете го на видно место во училницата да ви биде секојдневен потсетник. |
| **Датум** | **Активност 6** | **Цели на активноста** | **потребно време** | **Белешки/научена лекција/опис** |
| 20 март | ПРИЈАВА НА ЕЛЕКТРОНСКО (САЈБЕР) НАСИЛСТВО | Да им се укаже на учениците важноста на пријавувањето случаи на електронско насилство | 1 час | **Објаснување за важноста на известувањето за случаи на електронско насилство.**<br>ОПИС: - Наставникот им ја најавува темата во неколку реченици:Да се почитуваат другите во виртуелниот свет е регулирано законски и истите закони треба да се почитуваат. Многу истражувања покажуваат дека сајбер насилство е се поприсутно и се зголемува од ден на ден. Сите ние сме потенцијални жртви и треба да знаеме како да се заштитиме. Исто така е утврдено дека жртвите најчесто молчат а и соучениците кои знаат што се случува молчат од страв да не станат и тие жртви. Со тоа им помагаат на сторителите на насилство да продолжат со исти непожелни дејствија. Со молчење стануваме соучесници во истото насилство.<br>- Потоа наставникот им дава да прочитаат приказна во која треба да го препознаат насилникот и жртвата и на лист хартија да одговорат на неколку прашања:<br>- Како другите деца можат да помогнат во спречувањето на ваквите форми на насилство?<br>- На кој начин можеле соучениците да и помогнат на жртвата?<br>- На кој начин другите деца можеле да ги спречат сторителите на насилството да продолжат со злоупотреби?<br>- На кого можеме вакви форми на насилство да пријавиме и од кого да побараме помош?<br>Дискутираме за последиците од ваков вид на насилство, зошто е важно да се пријави и на кого да се пријави. |

# Тема 7: Медиумска писменост и дигитален активизам

**ПРИМЕР:**

**Дали сета моќ во решавање на големи проблеми е во рацете на медиумите?**

**ПРОБЛЕМ: УЧИЛИШНИ ДЕПОНИИ**

**https://wakelet.com/wake/sDOsJcijcRhDyua3xnpx1**





# НИЕ ВО МЕДИУМИТЕ

Нова Македонија
ПРВИОТ МАКЕДОНСКИ ДНЕВЕН ВЕСНИК

## Развивање и тестирање наставна програма за медиумска писменост

Од **НМ** - 09:45 16.07.2024

Like 22

Facebook Twitter +



Иницијативи

**Kolumna Plus Колумна Плус**
Jul 8 ·

Аида Петровска

РАЗВИВАЊЕ И ТЕСТИРАЊЕ НАСТАВНА ПРОГРАМА ЗА МЕДИУМСКА ПИСМЕНОСТ

По успешно завршениот камп за медиумска писменост „Справување со дезинформации преку образование“ TechCamp Охрид 2023, тим од наставници од пет основни училишта од Македонија по добиениот грант започнаа со реализирање на проектот „Развивање и тестирање наставна програма за медиумска писменост“ кој го имплементира Центарот за иновации и дигитална едукација заедно со Амбасадата на Соединетите Американски Држави во Македонија и тимот на TechCamp на Стејт Департментот на САД од Вашингтон. Носители на овој проект се училиштата: ООУ„Петар Поп Арсов“ – Карпош, Скопје; ООУ„Блаже Конески“ – Прилеп; ООУ„Христијан Тодоровски Карпош“ – Ранковце; ООУ„Димитар Миладинов“ – Центар, Скопје и ООУ„Марко Цепенков“ – Зелениково, Скопје.

РАЗВИВАЊЕ И ТЕСТИРАЊЕ НАСТАВНА ПРОГРАМА ЗА МЕДИУМСКА ПИСМЕНОСТ - НОВА МАКЕДОНИЈА (NOVAMAKEDONIJA.COM.MK)

# ОБЈАВИ НА АКТИВНОСТИТЕ ОД ПРОЕКТОТ НА ВЕБ СТРАНИ

ООУ „Христијан Тодоровски Карпош“ Ранковце

Образовна институција

ПОЧЕТНА • ЗА УЧИЛИШТЕТО.. ▾ • ГАЛЕРИЈА • НОВОСТИ • ДОПОЛНИТЕЛНА И ДОДАТНА НАСТАВА • ДОКУМЕНТИ ▾ • АКТИВНОСТИ НА УЧЕНИЦИТЕ ▾ • СЛОБОДНИ ИЗБОРНИ ПРЕДМЕТИ

## Посета на ФИНКИ

**Посета на ФИНКИ во рамки на проектот „Развивање и тестирање на наставна програма за медиумска писменост“**

Во рамки на проектот „Развивање и тестирање на наставна програма за медиумска писменост“, кој го имплементира Центарот за иновации и дигитална едукација заедно со Амбасадата на Соединетите Американски Држави во Македонија и тимот на TechCamp на Стејт Департментот на САД од Вашингтон, ученици од ООУ „Христијан Тодоровски Карпош“ Ранковце под менторство на нивните наставници заедно со ученици од ООУ „Блаже Конески“ (Прилеп), ООУ „Марко Цепенков“ (Зелениково), ООУ „Димитар Миладинов“ и ООУ

## ООУ „ПЕТАР ПОП АРСОВ“ ЌЕ ЈА РАЗВИВА МЕДИУМСКАТА ПИСМЕНОСТ МЕЃУ УЧЕНИЦИТЕ

март 29, 2024 | 0





Минатата година, наставници од ООУ „Петар Поп Арсов“ и просветните работници од четири основни училишта од Македонија, беа дел од заедничкиот тим којшто учествуваше на кампот за медиумска писменост „Справување со дезинформации преку образование“ TechCamp Охрид 2023. Како резултат на тоа искуство, наставничкиот тим по добиениот грант ја започна реализацијата на проектот „Развивање и тестирање наставна програма за медиумска писменост“ кој го имплементира Центарот за иновации и дигитална едукација заедно со Амбасадата на САД во Македонија и тимот на TechCamp на Стејт Департментот од Вашингтон.

# ПОВИК ЗА АКЦИЈА И ПОГЛЕД КОН ИДНИНАТА

Со завршувањето на проектот 'Развивање и тестирање на наставна програма за медиумска писменост,' не само што ги збогативме вештините за медиумска писменост на нашите ученици, туку и поставивме основа за поширока образовна трансформација. Додека го очекуваме конечното одобрување од Бирото за развој на образованието, нашиот следен чекор е да осигураме дека наставната програма ќе стигне до повеќе училишта низ целата земја.

Овој проект не е само пресвртница; тој е почеток. Со тоа што ги оспособуваме учениците критички да бидат настроени кон медиумите, ние создаваме генерација на информирани и одговорни дигитални граѓани. Заедно, да продолжиме на овој пат, ширејќи го влијанието на образованието за медиумска писменост и обликувајќи посветла, поинформирана иднина за нашите млади.